Број на Службен весник:155/2012
Датум на објава на Службен весник:10.12.2012
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 51-а став 12 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр. 135/07, 18/11, 148/11 и 95/12), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ОРАНЖЕРИИ И ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ КАКО И ОБЈЕКТИ ЗА ПРИМАРНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за издавање на одобрение за градење на оранжерии и помошни објекти како и објекти за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште.

### Член 2

Барањето за издавање на одобрение за градење на оранжерии и помошни објекти како и објекти за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште се поднесува на образец: “Барање за издавање на одобрение за градење на оранжерии и помошни објекти како и објекти за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште“ во А4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од став 1 на овој член е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

### Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.22 - 9908 Министер за земјоделство,
3 декември 2012 година шумарство и водостопанство,
Скопје Љупчо Димовски, с.р.

**Прилог**

**ДО:** ______________________________
(единица на локална самоуправа)

**БАРАЊЕ**
**за издавање на одобрение за градење на оранжерии и помошни објекти како и објекти за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште**

1.Податоци за подносителот на барањето

Име и презиме на физичкото лице/назив на правното лице _______________________
Адреса на живеење/седиште на правното лице____________________________________
Лице за контакт __________________________ тел. __________________

2.Барањето за издавање на одобрение за градење на оранжерии и помошни објекти како и објекти за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште се поднесува по добиена согласност од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно член 51-б став 1 од Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11 и 95/12), за градење на _________________ (видот на објектот), на КП.бр._______, мв. _______, култура ______, класа _____, површина ___________ м2, запишана на Имотен лист бр._______ за КО __________, издаден од страна на ______________ под бр.___________ од __________ година, во сопственост на ___________________________.

**Датум и место**

______________

**Подносител на барање**

______________________
**(потпис и печат)**